**претходно соопштение**

**УДК 821.163.3-31.09**
**801.73**

# ВКРСТЕНА ИГРА НА МЕМОРИЈАТА И ПИСАТЕЛСКАТА ФАНТАЗИЈА[1]

**Мојсова-Чепишевска Весна**
*Филолошки Факултет „Блаже Конески“*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

**Key words:** memory, reminiscence, the Moravian mission

**Summary:** According to intertextuality, memory is an image of presenting a culture into literature. A culture is nothing else but the other face of history. History represents the past and memory is an eternal present or a contemporary past. Memory nourishes itself with the vivid and active remembrances that encourage us to act. Every remembrance helps us see the contemporaneousness that gets sense, i.e., the real place between the past and the future. The motive for this text is the memory of the Moravian mission, i.e., the 1150 jubilee of that mission and the importance of that mission for descendents of the big Slavonic tribe. A real confirmation for a cross game of memory and the writer's imagination is the novel *The Alphabet for the Disobedient* (1994) by Macedonian novelist Venko Andonovski. In this novel, through the story situated in 863 CE, in the monastery Polichrono at Mount Olympus, Anatolia Eyalet, Andonovski leads a covered philosophical debate in which the questions are pointed directly to the reader; at the same time, he asks the reader how much he knows about himself, about his history, the Bible, mythology, folklore.

**Клучни зборови:** меморија, сеќавање, Моравска мисија

**Резиме:** Според теоријата на интертекстуалноста, меморијата е облик на проектирање на културата во книжевноста. Културата не е ништо друго туку другото лице на историјата. Историјата претставува минато, а меморијата е вечна сегашност или современо минато. Меморијата се храни со живите и активни сеќавања кои нѐ поттикнуваат на акција. Секое сеќавање ни помага да

---

[1] Текстот е прочитан на «Славянский мир: общность и многообразие. 1150-летие славянской письменности», Секция «Славянские литературы: история и современность», Москва, 20-21 мая 2013 г. и на I Меѓународен научен собир „Македонско-словачки книжевни, јазични и културни врски“, Нитра, Словачка, 27-29. 11. 2013.

ја согледаме современоста која добива смисла т.е. вистинско место меѓу минатото и иднината. Повод за овој текст е сеќавањето на Моравската мисија т.е. јубилејот 1150 години од таа мисија и во името на незаборавот што таа мисија ни/ми го донесе како дел од големото словенско племе. А вистинска потврда за една вкрстена игра на меморијата и писателската фантазија е романот „Азбука за непослушните“ (1994) на Венко Андоновски. Во него Андоновски, преку приказната ситуирана во далечната 863 година, во манастирот Полихронос на Олимп, Мала Азија, води една затскриена филозофска дебата во која прашањата му ги посочува директно на читателот и притоа го испитува, го прашува колку знае за себе, за сопствената историја, за Библијата, митологијата, фолклорот.

Според теоријата на интертекстуалноста меморијата е облик на проектирање на културата во книжевноста. Културата не е ништо друго туку другото лице на историјата. Во оживувањето на минатото историчарот е осуден да има работа со текстовите. „Меѓу настанот онака како што се случил и историчарот стои текстот и тоа на битен начин ја менува ситуацијата. Текстот секогаш е создаден од некого, со некаква цел. Настанот во него се појавува во шифриран облик. Историчарот, пред сè, мора да се појави во улога на оној кој дешифрира“ (Лотман, 2006: стр. 240-241). Во тоа дешифрирање[2] на текстот тој се среќава со факти, со податоци кои од негова точка се значајни и врз кои се фиксира, а ги изоставува оние кои, според него, се безначајни. Дешифрирањето секогаш подразбира реконструкција што всушност е суштина и на историјата, но и на меморијата и на сеќавањето. Историјата претставува минато, а меморијата е вечна сегашност или меморијата е современо минато. Меморијата се храни со живите и активни сеќавања кои нè поттикнуваат на акција. Секое сеќавање ни помага да ја согледаме современоста која добива смисла т.е. вистинско место меѓу минатото и иднината.

---

[2] Под поимот дешифрирање, Лотман подразбира методологија која истражувачот ја применува и при реконструкција на изгубен документ и при читање на сочуван дел од документот. Во двата случаја, поаѓа од тоа дека документот е напишан на *друг јазик*, чија граматика треба да се состави. На тој начин, пред да го утврди фактот „за себе“, истражувачот ги утврдува фактите за оној кој го составил документот што треба да се реализира. Тој се соочува со следново: во кој степен сите документи се непотполни во одразувањето на животот, кои големи слоеви на животот не се сметаат за факти и не подлежат на фиксирање. Таа област на „исклученото“ не само што е огромна туку е и подвижна. Може да се состави интересен список „нефакти“ за различни епохи (Види поопширно во Лотман, 2006: стр. 240-241).

А штом се спомене историјата, тогаш за неа се врзуваат и термините: реминисценција, евокација, мистификација, палимпсест и култ кон мртвите. Алеида Асман (Aleida Assmann) тврди дека антрополошкото „јадро на културната меморија е во паметењето на мртвите“[3]. Но, не може да се каже дека само смртта е двигател на меморијата. Нејзин придвижувач е и самиот страв од смртта. Меморијата и сеќавањето претставуваат еден вид борба против неизбежното – смртта. Смртта е антрополошки контрапункт на секоја меморија. Така, и во оваа 2013, се потсетуваме на далечната 863, кога во Моравија пристигнуваат браќата Кирил и Методиј носејќи ги со себе: глаголицата, словенскиот превод на изборното евангелие, изборниот апостол и псалтирот. Се потсетуваме и на времето кога: „Првите акции ги донеле првите успеси, бидејќи Словените сега за првпат чуле за црковна служба на свој јазик, воодушевени од словенскиот јазик, со гордост за мајчиниот јазик и со свест за самостојна култура“ (Миловска, 2001: стр. 16)[4]. Се потсетуваме на времето во кое се случува верификација на новата, на словенската азбука, зашто Кирил Филозоф, како што кажуваат *Панонските легенди*: „... откри букви за нашиот јазик, нешто што не се случило порано, освен во првите времиња, та и вие да се вброите меѓу **големите народи** што Го слават Бога на својот јазик. (...) И, според зборовите на пророкот, „им се отворија ушите на глувите“ (Исаија 35,5), за да ги чујат зборовите на Писмото, и стана јасен јазикот не пелтеците (ис.32,4). Бог се зарадува на тоа, а ѓаволот се засрами.“ (2001: стр. 64, означеното е мое)

Ката Ќулавкова во тесна врска со меморијата го поврзува сеќавањето и притоа за терминот издвојува еден македонски глагол со два модуса: неповратна и повратна („сеќава“ со значење на „чувствува“ и „се сеќава“ со значење на „памети“). „Првиот ја памти врската со сензитивното, **сетилното мнеме** – кога памети моето тело, мојата душа (сеќавам во смисла на чувствувам и насетувам), а во другата форма – се сеќавам – истиот глагол е кодиран како **идејно мнеме** во коешто памтењето претставува артикулација на доживеаното

[3]Assmann. Aleida. 1999. Erinnerungsraäume. Formen und Wandlungen des kulturellen Geädchtnisses. Beck: München, 27. преземено од Preljevic. Vahidin. Kulturno pamćenje, identitet i književnost. во Razlika/Différence, 122 (преводот е мој).

[4] Види „Панонски легенди“ (превод од старословенски Јован Таковски; предговор Добрила Миловска). 2001. Каприкорнус: Скопје.

минато во форма на поими, како толкувачка мемориска практика.“ (Ќулавкова, 2008: стр. 37, означеното е мое) Во својата епистоларна книга *Phantasia / Memoria / Rhetorica* Ренате Лахман (Renate Lachmann), пак, во тесна врска со меморијата ја доведува фантастиката: „Така уште Аристотел во списите De memoria et reminiscencia, на фантазмата (привидот) ѝ придава непостојан статус: таа е слика на нешто што е отсутно, а со тоа отсутно е поврзано нешто со измислен однос на сличност. Притоа ја одредува напнатоста помеѓу ›присутното‹ и ›отсутното‹, ›нереферентното‹ и ›референтното‹, ›вистинското‹ и ›лукавото‹“ (Lachmann, 2002: стр. 9, преводот е мој). Особено импресивен е фактот што авторката ги доведува меморијата и сеќавањето во тесна врска со писмото и тоа преку претскажувачките загадочни изреки на Леонардо да Винчи во неговото дело *Пророштва (Profezie)*: „Пет загадочни изреки ја зацртуваат сликата на паметењето која ја спојува материјата со втиснатите знаци на сеќавањето и нематеријалноста на она што е зачувано и што е вредно да се зачува.“ (Lachmann 2002: стр. 184-185, преводот е мој). Притоа се мисли на оние изреки кои се врзуваат со/за папирусот, животинските кожи, хартијата, перото и книгите со чија помош живее меморијата. Всушност, патиштата на меморијата и книжевноста се вкрстуваат во **писмото** како *инструмент на книжевноста кој служи за конзервација, одржување и сочувување на паметењето...* (Шелева, 2011: стр. 150). Основна функција на писмото е да ја заштити информацијата од заборавот и умирањето. Писменоста, а со тоа и писмото како нејзин репрезент е форма на паметење. Слично како што индивидуалната свест има свои механизми на паметење, така и колективната свест, кога ќе ги фиксира целите кои се заеднички за целиот колектив, создава механизми за колективно паметење.

Покрај вкрстувањето на меморијата и книжевноста во писмото, од особена важност за науката за книжевноста е начинот на вкрстувањето на меморијата и на **писателската фантазија**. Притоа, Лахман издвојува неколку прашања за оваа тема: „дали процесите кои меѓусебно се одржуваат и коментираат се паралелни? Не ли е односот токму таков што овозможува книжевната иконографија секогаш да упатува на иконографијата на меморијата, поточно изворот на сликите да е подеднаков и во книжевноста и во меморијата? Или пак поинаку: дали сликарската активност на меморијата ја отелотворува писателската фантазија?“ (Lachmann, 2002: стр. 207, преводот е мој). Ако се има предвид фактот дека поетот/романсиерот, секогаш своето

книжевно дело го создава врз некое свое претходно искуство, тогаш со право може да констатираме дека елементарното имагинативно сеќавање кое е прагматизирано со мнемотехниката, отсекогаш како меморија било во основата на сите чинови на пишувањето.

„Книжевноста е долговечен дом на меморијата, таа помни необично и повеќезначно“, во неа се вкрстуваат различни времиња и култури, „и затоа нејзината меморија е естетски кодирано место на меморија“ (Ќулавкова 2008: 47). Оттука толкувајќи го дискурсот на меморијата, всушност се толкуваат дискурсите на уметноста, се следи патот на естетизмот и патот на книжевниот текст. И се чини дека е сосема оправдано, поимот меморија да се толкува од две гледни точки: прво од гледна точка на неговата дискурзивност и второ - од гледна точка на неговите точки на идентификација т.н. места на меморија и фигури на меморија (фигури на сеќавање) (според Ќулавкова 2008: 41).

Вистината, за да се всади во сеќавањето на групата и на поединецот, мора да се претстави во конкретна форма од настани, личности или од места. Но, важи и обратното: Дека некој настан мора да се оплемени со целото значење на некоја вистина, за да заживее во групното сеќавање. Секоја личност и секој историски факт со своето достасување во паметењето се транспонираат во некој поим, наука, симбол, слика, така тие ја добиваат својата смисла, стануваат елемент на општество. Од овие поими и искуства настануваат фигурите на меморијата (сеќавањето), а нивната посебност може да се определи според три обележја:

- според конкретен спој со времето и со просторот;
- според конкретен спој со некоја група и
- според реконструктивноста како посебна постапка.

Според Ќулавкова, фигурите на меморија се значајни личности наследени од подалечната или поблиската историја со коишто се поврзуваат местата, предметите, традициите, културите, верувањата, идентитетите на народите и човештвото. Затоа фигурите на меморијата имаат затворен етнички и отворен интеретнички карактер, а се и амбивалентни, затоа што од места на разграничувања и меѓуетнички поделби, можат да се претворат во симболични места каде што се вкрстуваат културите - што пак претставува синоним за меѓуетнички дијалог и споделени традиции. Во тој контекст, Моравската мисија е сериозно/значајно симболичко место во кое се вкрстуваат сите словенски култури и особено во која се допираат **словачката** (од каде што почна и се разви идејата за потребата од една (се)словенската

писменост) и **македонската** (од каде што започна нејзината реализација преку мисијата на Светите браќа Кирил и Методиј), како култури кои играат улога на географски маргини на (се)словенската култура.

А потврда за вкрстена игра на меморијата и писателската фантазија околу подготовките за престојното (се)словенско описменување е романот „Азбука за непослушните“ (1994) на Венко Андоновски кој е првонаграден на конкурсот за најдобар роман на издавачот „Зумпрес“. Овој роман во времето на неговата појава побудува малкумина македонски критичари и книжевници. Така, за Ефтим Клетников, во освртот објавен во „Вечер“ од 1995 година под наслов „Нова Азбука во нашата проза“, делото претставува: „еден вид алхемиско литерарно-филозофска егзегеза на симболизмот на азбуката и нејзините знаци (буквите), на суштината на именувањето на светот и универзумот на предметите и феномените во него, па и на Создателот кој го сотворил истиот“. Свое место овој роман има и во книгата „Постмодерни текови“ од Данило Коцевски, преку текстот „Непослушната прозна азбука на Венко Андоновски“, каде што тој е ситуиран со онаа проза која ја пишуваат Милорад Павиќ, особено во својот „Хазарски речник“, или Данило Киш во „Енциклопедија на мртвите“ или Умберто Еко кој на сличен начин со Андоновски го актуализира средновековието низ модерни техники и методи.

Во оваа низа на споредби треба да се спомене уште еден голем наслов од јужнословенските литератури и култури кој му претходи на романот „Азбука за непослушните“. Се работи за „Источниот диван“ („Istočni divan“, 1989) од Џевад Карахасан. Имено, како и во „Хазарскиот речник“ (1984), каде што дејството е врзано со средновековното минато и каде што хибридно наративната варијанта, заради функционализација на историскиот и на научниот дискурс, се темели на мотивот за изгубениот хазарски народ, преку обработка на документирани пишани извори од христијанската, исламската и еврејската провиниенција, така и овој роман на Карахасан се врзува со средновековието, но на арапско-персискиот свет. И овде, голема улога играат бројните културолошки, филозофски и религиски концепти, одбележани со спецификите на етничкиот и историски комплексниот простор, кои се преплетуваат со научно-теорискиот дискурс при што посебен акцент се става токму на јазикот т.е. на писмото. Кај Павиќ, тоа се постигнува преку искористувањето на перфомативните форми и функции на речникот, поточно лексиконот кој станува матрица за

подредување на приказните, а кај Карахасан преку повеќеслојното книжевно искористување на клучниот поим **диван** т.е. на неговата потесна и поширока семантика и симболика, чие значење е полифонично и се движи од: **собрание**, **совет**, преку: **двор**, **куќа**, **софа**, до: **зборник**, **збирка текстови**, но и: **разговор**, **беседа** и **збор**.

Така што на српската и босанската варијанта за вкрстената игра на меморијата и за писателската фантазија се надоврзува и оваа, македонска, на Венко Андоновски од 1994, реализирана во форма на азбука, каде што зад секоја буква стои приказна. Дваесет и две букви, деветнаесет приказни! На ова писателско искуство може да се надоврзе она на хрватската авторка Јасна Хорват, во романот „Аз" („Az", 2009), како една темелна приказна за Константин Филозофот и за неговата работа врз графемите на глаголското писмо. Оваа нејзина варијанта е водена од идејата на Креацијата, што особено се гледа во презентацијата на концептуализацијата на секој глаголски знак одделно, но и во рамките на глаголскиот систем во целост. Самиот роман го искористува целиот потенцијал и тоа на повеќе нивоа на глаголското писмо, од аспект и на букви и на бројки и на симболика

Во приказната на Андоновски, преку преплетувањето на историјата и фикцијата, се бараат „непослушните" кои како да се откажуваат од буквите на Светите браќа Константин Филозоф и Методија, од азбуката создадена во далечната 863 година. Тоа се оние кои учествувајќи во чинот на поедноставувањето на глаголицата, прибегнуваат и кон оддалечување од духовноста, убавината и, пред сѐ, оддалечување од самите себе. Главната приказна за послушните и непослушните ја раскажува, т.е ја запишува, немиот клисар во манастирот Полихронос на Олимп, Мала Азија, кој вели: „... се решавам, еве, во годината 863, месец во годината четврти, ден во месецот единаесетти, да ви го предадам сето она што се случи ... " (Андоновски, 2010: стр. 20).

Таму, под раководство на отец Ефтимиј, краснописецот, и на стариот и мудар отец Варлаам, одбраните дванаесет ученици, или дванаесетте послушни, ги испишуваат, ги подготвуваат потребните книги за претстојната Моравска мисија:

„Имаше отец Ефтимиј златни раце, и највешт беше меѓу највештите во краснописанието и китењето книги и слова. Затоа и поставен беше од отец Кирил, големиот наш учител и филозоф, да раководи со семинаријата, оти време имаше малку, а книгите за мисијата кај Моравците уште не беа умножени. Најбрза рака имаше и најубаво

краснописание чинеше од сите; но душата лакома му беше за чест и почест“ (Андоновски, 2010: стр. 16).

„Читателот-намерник без поголем ментален напор ќе забележи дека ... во ликот на Исијан Убавиот може да го препознае нашиот господ Исус Христос, којшто низ раскажувачката оска се легитимира како пратеник на Константин Филозоф. Но, Исијан е Исијан само на миметичко рамниште. Во длабинската структура на текстот, во полето на смислата тој е Господ, симнат на земјата меѓу краснописците во манастирот Полихрон во Мала Азија, во летото господово 863-то, непосредно пред многу значајната Моравска мисија. Тука е за да покаже како да се разликува доброто од злото, како да се препознае вистината, за да го потсети народот дека коработ на дедо Ное чека да заплови уште еднаш. Заправо, смислата на неговото доаѓање со сиот негов имот-црно ковчеже и секира е: безгласно да им каже на монасите (читај човештвото!) дека сепак го има, дека постои, дека тој, Господ е во сите нас, дека нашиот Господ сме ние самите и нашите човечки души. Овој Господ без зборови ја зборува вечната вистина дека сепак, надежта умира последна!“ (Караниколова, 2008: стр. 54-55).

Андоновски се обидува да направи едно **„воскреснување на замрените букви“**, кои со своето име и оригинална ортографија, зборуваат за едно ликовно поимање на стварноста. Но, исто така, сублимирајќи временски опсег од околу девет столетија, на нешто повеќе од стотина страници, ја претопува „мисионерската улога на Исус Назараќанецот во подемот на христијанството како цивилизациска придобивка со почетоците на покрстувањето и просветувањето на Словените“ (Караниколова, 2008: стр. 55). Андоновски разгатнува стари зборови, но и трага по ново-стари приказни. Андоновски дешифрира или реконструира, при што истовремено и ја сеќава и се сеќава (преку меморијата на својот народ како дел од словенското племе) на една подзаборавена верзија на првата словенска азбука – глаголицата. Тоа се чита и во советот што Исијан, Убавиот му го дава на Михаил, Непорочниот: „И не бој се кога пишуваш, ами пушти ја душата да ти слезе во прстите, тогаш ќе ти се јават вистинските облици на нештата, оти вистинските букви се слики, и така било од памтивека. (...) Оди и сочини слова бавни, вистинити, а не брзи и лажни“ (Андоновски, 2010: стр. 38). Тоа се чита и во потребата на отец Варлаам што поточно, подетално, да му го пренесе сопственото сеќавање на запишувачот на настаните, за да можеме и денес да се сеќаваме на неговото сеќавање:

„Беше обземен од полагањето на деловите од сеќавањето што се соцелуваше во неговата глава. Тој веќе знаеше ука голема за богот од азбуката на непослушните: велеше дека тој ќе дојде при нас, да го прекине владеењето на недостојните, слабите, притворните, средните во занаетите и љубовта! Рече дека не смее да не го познаеме, оти тој ретко доаѓа меѓу луѓето, и дека ако не го познаеме како Бог наш, ќе нè напушти засекогаш, оти недостојни сме за спасението што ни го нуди“

(Андоновски, 2010: стр. 89-90).

Во овој свој роман, Андоновски води една затскриена филозофска дебата во која прашањата ги посочува директно кон читателот, при што го испитува, го остава буден, му го задржува вниманието, го прашува колку знае за себе, за сопствената историја, за Библијата, митологијата, фолклорот, за фактите ...

Постојаниот дијалогот на Андоновски е, всушност, дијалогот што немиот клисар го води и со себе и со читателот, развиен низ деветнаесет глави и претставуван преку дваесет и две букви. За секоја од нив е даден процесот на менување на ортографијата како низ времето така и кај различни народи. На прв поглед е воочливо дека се работи за букви кои означувале слики, цртежи врзани со доживувањата на/во природата. Андоновски ја дава генезата на развивањето на азбуката или, како што самиот вели, на почетокот на **пропаста на буквите** низ вековите. Сите тие приказни, видени низ неколку доминантни симболи, како симболот на бикот кој се врзува со Исијан, Убавиот, и кој ја развива приказната за буквата **„А“**, но и симболите на ковчежето и секирата, со кои пристигнува Исијан, овозможуваат едно постојано вкрстување на меморијата и на **писателската фантазија**: „Во порталот се појави младич, убав како слика. Под мишката носеше сандак. Однадвор видлив, однатре не. Во појасот беше заденал секира“ (Андоновски, 2010: стр. 12).

„Според кажувањето на нашиот симпатичен наратор, „целиот свет е голем ковчег“ кој, многу едноставно, функционира според принципот-руски кукли. И уште вели (а звучи мошне уверливо и потполно успева да нè убеди) дека телото е ковчег на душата. Или: телото е нештото однадвор, видливото; а она што е внатре и е невидливо, спиритуално-е, тоа е душата! Значи, како читатели сме мошне вешто заведени, речиси маѓепсани од моќниот анонимец кој ни говори за ковчег и во него многу ковчежиња, за тело и во него душа“

(Караниколова, 2008: стр. 56).

Симболиката на ковчежето на Исијан (Исус) претставува **спас, искупување, засолниште, куќа – заштита**, **повторно раѓање**. Приказната за ковчежето е приказна за буквата **„Б“**. Во христијанската симболистичка традиција, ковчегот ја означува Црквата која им дава засолниште под својата закрила и на праведниците и на грешниците, но и на **Богородица** која го очекува раѓањето на Христос и Самиот Христос во лик на Спасител. Во потесна симболистичка смисла, ковчегот се ползува за означување на **Земјата,** која патува низ просторите на Космосот. Ковчегот, исто така, се поистоветува со библиската приказна за Ное, односно за огромниот дрвен кораб, кој го зачувал континуитетот на животот на земјата заштитувајќи ги луѓето и животните од ужасен потоп. Всушност, сета оваа симболика е потенцирана и во „Азбука за непослушните“, кога запишувачот вака размислува: „... во ковчезите се чуваат *вредни* нешта: постелина, на која се спие, руби, кои се облекуваат, злато, со кое се купуваат нешта за живот, дрва, со кои се чува огнот и им се предава на оние кои допрва доаѓаат по нас. Ако светот е еден голем ковчег што Содржителот го носи под мишка, тогаш тој бездруго нè сака, оти ние сме содржината на неговата љубов, ние сме тоа азно што тој го положил во ковчегот“ (Андоновски, 2010: стр. 14). Во ковчегот, кој станува опсесија на авторот и во едно друго негово дело, драмата „Словенскиот ковчег“ (1998), Убавиот го носи „занаетот“ од татка си, во кое има **јајце** и **лебедово перо**. **Јајцето** е симбол на почетокот на сите почетоци, во чиешто јадро, по кршењето на лушпата, се појавуваат космичкиот простор и кружното време. Јајцето ги претставува раѓањето, обновувањето, плодноста и животната сила. „Симболиката што јајцето ја поседува како прапочеток на животот**,** изразена преку возобновувањето и повторното раѓање, во христијанството ја претставува идејата за воскреснувањето и бесмртноста, вклучена во Велигденскиот циклус“ (Вражиновски, 2000: стр. 207). Според Тресидер, **лебедот** е носител на „духовниот живот, уметноста, музиката, убавината, поезијата, амблем на светлината“ (Тресидер, 2001: стр. 136), а во романот на Андоновски, **лебедовото перо** ги симболизира молитвата и верата, надежта и милосрдието. Низ алегоријата за праведноста, лебедот се јавува како преобразба на ѓаволот кој со благоглаголивост и ласкавост го придобива отец Ефтимиј и го наведува да го наруши космосот во адот. На ова се надоврзува историјата на денешната буква **„Г“,** односно **Гимел** или

нејзиното значење – **секира.** Андоновски во херменевтички контекст нè подучува дека старите букви, односно нивниот изговор, носеле своја тежина и имале длабока суштина. На некој начин, постоело едно силно ритуално или магиско дејство, една поврзаност меѓу буквата и зборот, па и нивните изговори не биле само празни зборови.

Секирата е **гибелно оружје** и орудие на громовникот што се користело како заштитно средство во верските обреди (Вражиновски, 2000: стр. 387, означеното е мое). Во расплетувањето на загатките од приказната, во мозаичното откривање на дамнешните тајни, ќе видиме дека секирата доживува неколку трансформации и тоа, најпрвин, таа е **копје**, со кое Ефтимиј од завист убива во младоста своја и тоа, го убива таткото на Убавиот. Потоа, копјето се престорува во **трозабец**, кој е всушност атрибут за Сатаната. Зад буквата **Гимел** се кријат петте магиски букви, заборавената азбука на која се сеќава Ефтимиј, само кога има нужда да стори зло. Тој е послушник на Сатаната и за свој помошник ја зема секирата како насилно решение. Ефтимиј своето искупување на гревовите ќе го побара преку симболично миење на рацете со чиста вода копајќи бунар во манастирскиот двор. Барајќи вода, ќе наиде на крвта пролеана од сопствените раце. Но, тој не умее да ја види вистината, како што не може ниту да го види иконописот во црквата насликан од Убавиот Исијан поради сопственото слепило на душата. Сам се осудува на пропаст казнувајќи ги сите околу себе.

И така – буква по буква, сè до последните Шин и Тау, се одгатнуваат тајните, но и се закопуваат повторно, се положуваат во ковчежето за да бидат отворени во некое друго време и на некое друго место:

> „И ја зедов книгата на Михаил, во која беше сочинета азбуката на непослушните, пред да ја грабнат Црвениот и Нтанаил Послушниот, ја зедов и книгата на Убавиот, онаа во која тој пишуваше оној ден кога Црвениот ги искушуваше дванаесетте, па ги ставив во празното ковчеже на Убавиот, и, небаре го погребувам телото Господово, со солзи во очите, го закопав сето тоа зад манастирот, на место скришно“
> (Андоновски, 2010: стр. 117-118).

> „И утре, кога ќе дојде отец Кирил, нема ништо да кажам. Ќе го откопам скришното ковчеже на Убавиот, ќе го ставам ова немо слово што ви го преподадов внатре, крај книгите. Негови и на Михаил, и ќе молчам, оти сум нем, оти ги изгубив зборовите за да ја сознам вистината“

(Андоновски, 2010: стр. 121-122).

Романот „Азбука за непослушните“ може да се чита како едно природно продолжение на познатото/популарното полемичко слово на Црноризец Храбар „О писменех“ или „За буквите“. Како доминантна тема се развива идејата дека писмените читаат, а неписмените гатаат, поточно дека писмените знаат, а неписмените претпоставуваат. Читањето, т.е. описменувањето – што првенствено значи обогатување со слова, со логоси, со умови – ја полни ризницата на личноста, која како што вели Евангелието, ниту молец, ниту ’рѓа ја јадат, ниту крадец ја поткопува, и која е единствениот багаж што ќе го понесеме со нас во оној свет. Затоа описменувањето е подвиг. А пишувањето за самото описменување е потврда за вкрстувањето на патиштата на меморијата и на книжевноста во **писмото** како инструмент на книжевноста кој служи за конзервација, одржување и за сочувување на паметењето... Но, наспроти потполноста и конечноста на текстот, стои бесконечноста на неговото толкување. Ако бесконечноста на текстот почива врз неможноста за негово конечно читање, тогаш и бесконечноста на паметењето почива врз неговата променливост и неможност со него да се располага еднаш засекогаш.

**Литература:**

Андоновски, Венко. 2010. *Азбука за непослушните*. Табернакул: Скопје.

Андоновски, Венко. 1998. *Словенскиот ковчег*. во Три драми. Култура: Скопје.

Вражиновски, Танас. 2000. *Речник на народната митологија на Македонците.* Матица македонска: Скопје.

Караниколова, Луси. 2008. „Приказна(и) за судбините човечки“ („Кон феномените *ковчег* и *коњи* во романот *Азбука за непослушните* од Венко Андоновски и медитеранската приказна *Коњите на Свети Марко* од Милорад Павиќ“). во Зборник на трудови. Европски универзитет: Скопје, 53-61.

Lachmann, Renate. 2002. *Phantasia / Memoria / Rhetorica*. Matica Hrvatska: Zagreb.

Лотман, М. Јуриј. 2002. *Семиосфера*. Три: Скопје.

2001. *Панонски легенди*. Каприкорнус: Скопје.

Тресидер, Џек. 2001. *Речник на симболи*. Три: Скопје.

Ќулавкова, Ката. 2008. *Дискурсот на меморијата и неговото толкување*. во Интерпретации, Европски проект за поетика и херменевтика; „Меморија и интерпретација“. МАНУ: Скопје.

Угринова-Скаловска, Радмила. 1979. *Старословенски јазик*. Универзитет „Кирил и Методиј“: Скопје.
Шелева, Елизабета. 2011. *Дијалектика на паметењето и заборавот во постмодерната епоха*. во Културолошки есеи. Магор: Скопје.